**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

УП бр.1310-12
Бр.на постапка 49552
од 04.05.2023 година
Велес

Градоначалникот на Општина Велес, постапувајќи по барањето поднесено под УП број 1310-12 од 10.02.2023 година од страна на Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, за одобрување на проектна програма, врз основа на член 58 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/2020), член 58 и член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање(Службен весник на РСМ бр.225/2020 и 219/2021), го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува проектна програма со УП број 1310-12 и со број на постапка 49552 од 04.05.2023 година, изработена од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.6 – Индустрија за фотоволтаични панели – хали за складирање и монтажа на КП 1560/1 КО Башино село, Општина Велес

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Подносителот Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, поднесе барање за одобрување на проектна програма со број 79/22 од 09.02.2023 година, за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.6 – Индустрија за фотоволтаични панели – хали за складирање и монтажа на КП 1560/1 КО Башино село, Општина Велес.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Барање за одобрување на Проектна програма со бр. 79/22 од 09.02.2023 година,
2. Проектна програма со УП број 1310-12 и со број на постапка 49552 од 10.02.2023 година,
3. Графички прилог на проектната програма,
4. Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y15616 од Ноември 2016 година, издадени од Агенција за планирање на просторот.
5. Решение за услови за планирање на просторот со арх.бр.УП1-15 776/2016 од 16.12.2016 година, издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение 08-199/1 од 11.01.2023 година, по разгледување на приложената документација кон барањето и извршениот увид во истата, констатира дека барањето за одобрување на проектната програма е основано и е во согласност со член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање(Службен весник на РСМ бр.225/2020 и 219/2021), за што до Градоначалникот достави предлог за одобрување на проектната програма со бр. 1310-12 од 03.05.2023 година, во кое даде позитивно мислење и предлага истата да се одобри.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**

Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

---

Градоначалникот на Општина Велес врз основа на приложената документација кон барањето и предлогот за одобрување на Комисијата за урбанизам при Општина Велес, констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Правилникот за урбанистичко планирање и Законот за урбанистичко планирање (Службен Весник на РСМ бр.32/2020).

Врз основа на горенаведеното, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото, до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот. Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

Градоначалник
на Општина Велес

**Марко Колев**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ВЕЛЕС ОПШТИНА ВЕЛЕС